**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3306/**

# З А П И С Н И К

**Од 281.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 22.05.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов**,**Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 14.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните и предложи корекција во текстот на точка 2 од денвниот ред.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот и едногласно го усвои.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 280.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Одлука за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 280.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 280.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 280.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 280.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Одлука за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните членови ги објасни законските прописи за распишување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.
Исто така Претседателката појасни дека согласно Статутот на МРТ истиот треба да биде објавен на програмите на МТВ и Веб страната на МРТ, и да трае 15 дена сметано од објавата на програмите на МТВ.

Ведат Мемедалиу даде образложение за објавувањето на јавниот конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ. Во член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за ААВМУ каде јасно е наведено дека во надлежности на Програмскиот совет на МРТ влегува избор и разрешување на членовите на Надзорниот одбор на МРТ. Во истиот закон во член 125 став 2 вели дека членовите на Надзорниот одбор ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.
Со измените и дополнувањата во предоните одредби од новелите на законот за ААВМУ направени во 2018 година, во член 43 став 1 вели дека Постојните членови на Програмскиот совет на МРТ ја вршат функцијата до изборот на нови членови на Програмскиот совет на МРТ. Со тоа сегашниот Програмски совет на МРТ со својот продолжен мандат се до изборот на нов состав на ПС, има полно право да постапува по законот за ЗААВМУ по член 124 став 1 алинеа и член 125 став 2 како јасна законска утврдена надлежност за поведување на постапка за објавување на јавен конкурс и вршење на избор на членови на Надзорниот одбор.
Во членот 43 став 1 од законот за ААВМУ од измените и дополнувањата направени во 2018 година, јасно се наброени на кои органи им се продолжува мандатот се до избор на нови членови. Во овој став се наброени и се однесува на продолжен мандат на директорот и заменик директорот на МРТ, на Програмскиот совет на МРТ и за органите на Агенцијата за АВМУ,но никаде во овој член и во законот не се спомнува за продолжен мандат на Надзорниот одбор на МРТ се до избор на нов.
Бидејќи нема законско продолжување на мандатот на Надзорниот одбор се до избор на нови членови, со тоа сегашниот Програмски совет нема ограничување да објави конкурс и да изврши избор на нови членови на Надзорен одбор на МРТ. Единствено ограничување кое пак сегашниот ПС го има само кон избор на директор и заменик директор на МРТ поради нивниот законски продолжен мандат.
Во член 43 став 3 и 4 од преодните и завршни одредби на законот за ААВМУ, јасно се наведува дека новиот состав на Програмски совет на МРТ избран и именуван по новите одредби и услови предвидени со измени на законот и по донесените подзаконски акти, ќе донесе одлука за објавување на јавни конкурси и избор на директор и заменик директор на МРТ. Со тоа само новиот состав на ПС на МРТ има право и тоа исклучиво јасно е пишано дека се однесува само за избор на директор и заменик директор на МРТ. Во истиот закон никаде не се спомнува избор на Надзорен одбор од страна на новиот состав на ПС, туку тоа е само за директорите на МРТ. Со тоа сегашниот состав на ПС нема ограничување за објавување на конкурс и да изврши избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

Ваквото толкување и со цитирање на овие членови од Законт за ААВМУ е потврдено и во Автентичното толкување на Законот за ААВМУ на Собранието на РСМ од февруари 2021 година, каде никаде не се спомнува НО на МРТ,односно никаде не се спомнува ограничување на сегашниот состав на Програмскиот совет да објави конкурс и да избере нов состав на Надзорен одбор на МРТ, ограничувањето на сегашниот состав на Програмскиот совет во Автентичното толкување се однесува само за избор на директор и заменик директор на МРТ.

Од друга страна, немањањето на Надзорен одбор може да влијае на финансиското работење и воопшто функционирањето на јавниот сервис,без исполнување на надлежностите и улогата која го има Надзорниот одбор во МРТ.

Имајќи го во предвид сето оваа, предлагам на денешната седница да објавиме јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ затоа што сегашниот состав на Програмски совет нема законски ограничувања во овој избор, напротив има надлежност да го спроведе тоа, а се со цел да не се појават проблеми во функционирањето на јавниот сервис без Надзорен одбор на МРТ.

Врз основа на член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на Р.Македонија бр.184/13,13/14,44/14, 101/14,132/14,142/16,132/17,168/18,248/18 и 27/19 и Сл.весник на РС Македонија бр.154/19,42/20,48/21,77/21,154/23 и 55/24), и член 39 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 281.седница одржана на ден 22.05.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ**

**I.** Да се распише Јавен конкурс за избор на 7 (седум) члена на Надзорниот одбор на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

**II.** Кандидатите кои ќе се пријават треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се државјани на Република С.Македонија,
- да имаат високо образование,
- да поседуваат знаење и најмалку 5 (пет) години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење и
-да ги исполнуваат условите утврдени во член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**III.** Кандидатите на јавниот конкурс со пријавата треба да достават:
- Уверение за државјанство-(не постаро од 3 месеци),
- Диплома за завршено високо образование,
- Кратка биографија -(CV),
- Потврда за пет години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење,
- Изјава за неспоивост на функции согласно член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги-(заверена на нотар).

**IV.** Кандидатите за членови на Надзорен одбор на МРТ поднесуваат пријава за конкурсот со соодветни докази за исполнување на бараните услови, во затворен плик со назнака (за учество на конкурсот за Надзорен одбор на МРТ).

**V.** Конкурсот да се објави на програмите на МРТ и на ВЕБ страната на МРТ.

**VI.** Конкурсот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на програмите на МРТ.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Одлуката за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

■ **Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **7** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **3** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ **е усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

По усвојувањето на Одлуката беше предложен **Заклучок:**

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да им наложи на надлежните служби Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ да се објави на програмите на МТВ преку целиот ден и во ударни термини, како и на ВЕБ страната на МРТ.

-По спроведеното гласање Заклучокот беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател